# Ново срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 153. Дата: 03. 12. 2012.**


## Десет заблуди за христијанството

**Заблуда бр. 4: „Христијанството е патерица за слабите!?“**



Веројатно некогаш сте слушнале како некои луѓе изјавуваат: „мене не ми треба религија. Христијанството е за стари баби, за наивни и ’слабаци’, кои имаат потреба од некаква утеха.“

Тенденцијата на оваа изјава е дека христијанството им е потребно само на оние кои психички се слаби, лабилни и несигурни. Оние кои се „силни“ личности, не им треба некаква „религија“, која ќе им ја смирува совеста, или ќе им дава утеха и надеж за иднината.

Вистината е дека Христијанството т.е. Христос им е потребен на сите, бидејќи сите сме слаби и немоќни, да се справиме со гревот и на сите нам ни е потребна надеж, но само оние кои стигнуваат до очајна состојба, се доволно свесни да го согледаат и признаат тоа. Останатите се сметаат за јаки и силни, но тие се во заблуда. Нема силни кога станува збор за гревот. **Сите ние сме болни од болеста наречена грев, само некои не го осознаваат тоа**.

Токму затоа Исус рече:*„Здравите немаат потреба од лекар, туку болните. Не дојдов да ги повикам праведните, туку грешниците на покајание.”* (Лука 5:31-32).

Замислете двајца пациенти; едниот знае дека има потреба од доктор, бидејќи крвари, а другиот боледува од рак но смета дека не му треба доктор и лечење, бидејќи сеуште не знае дека е болен, или се чуствува здрав. Но, без разлика на тоа што наизглед е витален, ракот го гризе однатре и тој не е ни свесен дека ќе се сретне со смртта многу побргу од што очекува.

Многу луѓе се како човекот што е болен од рак; тие ги исмеваат христијаните, затоа што во Христос бараат надеж и помош за гревот, не осознавајќи дека и самите тие имаат потреба од помош, само затоа што нивниот проблем не е очигледен, или не се нашле на дното.

Но, не е знак на слабост, да се понизиш пред семоќниот Бог, да му го признаеш гревот и да бараш помош од Него. Ниту пак е неразумно да се потпреме на добриот и милостив Бог.
Секој се потпира на нешто, колку и да не е свесен, или да не сака да признае. Некои се потпираат на своите дипломи, други на пријателите и јаките врски, на богатството, на младоста и физичката сила... но, порано или подоцна тие ќе те напуштат. Тогаш, сети се дека има еден „небесен“ пријател кој ти подава рака и кој нема никогаш да те напушти.
*„Дојдете при мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам.“* –Исус. (Мт.11:28)



Разјаснивме дека христијаните се луѓе кои осознале дека сами не можат да се справат со гревот и дека им е потребен Спасител.

Но, тоа воопшто не значи дека тие се слабаци и плашливци. Христијаните, со својата цврста вера, се вбројале меѓу најхрабрите и најрешителните луѓе на светот. Историјата забележила илјадници случаеви на христијани кои го жртвувале својот живот за Христос; некои од нив биле решени да ги напуштат своите удобни живеалишта и да го однесат евангелието на другиот крај на светот.

Други пак, биле спремни да кажат „НЕ“ на гревот, искушенијата, неправдите, неморалот, идолите... иако за тоа неретко страдале.
Христијанството е „религија“ на храбрите, кои се спремни својот живот да го положат за Христос. Токму затоа Библијата пишува дека страшливците нема да го наследат Небесното царство (Отк. 21:8).

**Сакаш ли да покажеш храброст? Тогаш живеј како христијанин; следи Го Христос!**


**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**